Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, 44/2015 и 193/2015), Градоначалникот на Општина Кочани распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица.**

Јавниот повик ќе трае во перидот од **02.02.2016 г. до 04.03.2016г.**

■ Јавниот повик ќе биде објавен во службен гласник на Општина Кочани, на веб страната на Општина Кочани, на огласна табла која се наоѓа пред влезот на општинската зграда, во дневен весник Нова Македонија и преку информацискиот систем е-урбанизам.

■ Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави Иницијатива за изработка и донесување на детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место, преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма, преку архивата на Општина Кочани.

■ Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.

■ За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма.

■ Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.

■ Во прилог на иницијативите се доставува имотен лист и копие од катастарски план за парцелите за кои се однесува доставената иницијатива , како и образложение за истата.

Бр. 22-267/1

29.01.2016

Кочани

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Ратко Димитровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ